Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

**за вработените во министерството за надворешни работи и други лица што вршат работи во и за министерството за надворешни работи**

Јуни 2013 година

Врз основа на член 72 од Законот за надворешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08 и 27/13), министерот за надворешни работи донесе:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## за вработените во министерството за надворешни работи и други лица што вршат работи во и за министерството за надворешни работи

## I. Општи одредби

### Опсег на примена

### Член 1

(1) Со овој Етички кодекс се уредува начинот на однесување, постапување и работење на вработените во Министерството за надворешни работи (во натамошниот текст: Министерството).

(2) Со овој Етички кодекс се уредува начинот на однесување, постапување и работење на лицата од други институции упатени на работа во ДКП-ата, на ангажираниот локалниот персонал во дипломатско – конзуларните претставништва (во натамошниот текст: ДКП), практикантите и волонтерите во Министерството и ДКП –та.

(3) Овој Кодекс не е сеопфатен и исцрпен и не ги заменува постоечките прописи, туку подетално ги разработува општите услови кои се применуваат ~~на~~ кон вработените во македонската дипломатска служба во однос на нивното однесување и поведение, и натамошно ги појаснува и разработува нивните должности и обврски.

### Цел на примена

### Член 2

(1) Овој кодекс има за цел да промовира и обезбеди:

- законитост, професионален и личен интегритет, висок морал и стандарди, ефикасност, ефективност, посветеност и зголемена одговорност при вршењето на службените должности на вработените и зајакнување на интегритетот на македонската дипломатска служба и
- почитување на човековите права, еднаков третман и недискриминација на вработените по ниту една основа во вршењето на надворешните работи.

## II. Основни принципи

### Член 3

(1) Вработените при извршување на службеата должност задолжително се придржуваат кон одредбите на овој Етички кодекс.